РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА ПРИМЕНАТА НА
# ЗАКОНОТ ЗА БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ

Скопје, април 2013 година

# ВОВЕД

Со Законот за бесплатна правна помош во Република Македонија воспоставена е законска рамка со која се овозможува остварување на уставно загарантираното начело за еднаков пристап на граѓаните до правдата и до институциите на системот.

Законот за бесплатна правна помош е донесен во декември 2009 година ("Службен весник на Република Македонија"бр. 161/2009), а отпочна да се применува на 7 јули 2010 година.

Во декември 2011 година, Законот за бесплатна правна помош беше изменет (Службен весник на Република Македонија бр. 185/11) и со овие измени се прошири категоријата на лица корисници на правото на бесплатна правна помош и тоа за лицата-баратели на правото на азил.

Согласно на член 35 од законот, Министерството за правда изготвува Годишен извештај во кој се содржани основните информации на кои се заснова правото на бесплатна правна помош и тоа: законската рамка, статистички податоци за бројот на поднесените барања, донесени решенија за одобрена правна помош, одбиени барања за бесплатна правна помош, видот на правната работа за која се одобрени барањата, давателите на бесплатна правна помош, обемот на средства исплатени за одобрена правна помош и обемот на вратени средства од наплатени трошоци во постапката за извршување, деновите на бесплатен правен совет и споредбени статистички показатели.

Од отпочнување со примена на законот до денот на поднесување на овој извештај, Министерството за правда има поднесено два извешати до Владата на Република Македонија за периодот од 07.07.2010 до 24.03.2011 година и за периодот од 25.03.2011 година до 31.03.2012 година.

Со поднесување на овој Годишен извештај преку увидот во содржината на податоците за периодот од 01.04.2012 година до 31.03.2013 година се укажува на посебното значење кое системот на правната помош го има во рамките на функционирањето на правниот систем во Република Македонија во решавање на егзистенционалните прашања на граѓаните, отстранувајќи ја дискриминацијата врз основа на нивната имотна состојба.

ЗАКОНСКА РАМКА

Со Законот за бесплатна правна помош се уредуваат правото на бесплатна правна помош, постапката во која се остварува, корисниците, условите и начинот на неговото остварување, давателите на бесплатна правна помош, органите надлежни за одлучување, заштитата на правото на бесплатна правна помош, финансирањето и надзорот над неговото спроведување, организирање на денови на бесплатен правен совет, бесплатна правна помош во прекугранични спорови, како и надзор над примената на одредбите од овој закон.

## Правни прашања за кои се одобрува бесплатната правна помош

Бесплатна правна помош се одобрува во сите судски и управни постапки, доколку со него се решава прашање од интерес за барателот на правната помош и тоа за права од областа на социјалното, здравственото, пензиското или инвалидското осигурување, работните односи, заштитата на деца и малолетници, жртвите на семејното насилство, заштитата на жртвите од казниви дела, заштитата на жртвите од трговија со луѓе, признавање на азил и имотно-правните прашања.

## Видови правна помош

Бесплатната правна помош се остварува како претходна правна помош и правна помош во управни и судски постапки.

## Даватели на бесплатна правна помош

Подрачните одделенија на Министерството за правда и овластени здруженија на граѓани се вклучени во претходна правна помош.

Адвокатите даваат правна помош во судските и управните постапки.

## Услови за стекнување право на бесплатна правна помош

- Државјани на Република Македонија со постојано живеалиште во Република Македонија кои се корисници на социјална помош, правото на инвалидски додаток, најниска пензија кои живеат во семејна заедница со две или повеќе лица издржувани од него и семејства или самохран родител со едно или повеќе малолетни деца кои остваруваат право на детски додаток.

Покрај нив, право на бесплатна правна помош имаат и баратели на правото на азил, лице на кое му е признаено правото на азил, внатрешно раселено лице, како и раселено или прогонето лице кое на територијата на

Република Македонија има престојувалиште, странските државјани, лице без државјанство, кое законски престојува во Република Македонија и државјанин на земја членка на Европската унија.

-Приходите по сите основи на тоа лице и членовите на неговото домаќинство да не го преминуваат износот од 50% од просечната месечна плата исплатена во Република Македонија за претходниот месец во времето на поднесување на барањето за бесплатна правна помош.

- Бесплатна правна помош не може да се одобри доколку барателот или член на негово семејство со кој живее во исто домаќинство има имот кој достигнува или надминува пет просечни месечни бруто плати исплатени во Република Македонија во претходниот месец

<u>**Постапка на остварување на правото на бесплатна правна помош**</u>

Барањето за бесплатна правна помош се поднесува лично или преку пошта во 34 –те подрачни одделенија на министерството на пропишан образец кон кој се приложува и изјава за материјално-социјалната положба на подносителот на барањето и членовите на семејството со кои живее во заедничко домаќинство, како и согласност за увид во сите податоци за нивната имотна состојба.

По поднесеното барање одлучува Министерот за правда.

<u>**Финансирање на бесплатна правна помош (награда и надомест на трошоци за дадена правна помош)**</u>

Бесплатната правна помош се финансира од Буџетот на Министерството за правда .

Финансиските средства се наменети за исплата на наградата на адвокатите за дадена правна помош согласно со Тарифата за награди и надоместок на трошоците за работа на адвокатите намалена за 30%, како и за надомест на трошоците на овластеното здружение на граѓани за дадена претходна правна помош согласно со Тарифата за надоместок на трошоците за работа на здруженија на граѓани за вршење на работи на претходна правна помош.

<u>**Денови на бесплатен правен совет**</u>

Министерството за правда во соработка со Адвокатската комора, Нотарската комора, Комора на медијатори и Комора на извршители квартално организира денови на бесплатен правен совет за сите граѓани за прашања од областа на медијацијата, адвокатурата,нотаријатот и извршувањето.

СТАТИСТИЧКИ ПОДАТОЦИ ( за период 01.04.2012-31.03.2013)

- **Поднесени барања за бесплатна правна помош**

До подрачните одделенија на Министерството за правда поднесени се вкупно 180 барања за остварување на правото на бесплатна правна помош .

| Подрачно одделение | Број на поднесени барања |
|---|---|
| 1 | 2 |
| БЕРОВО | 3 |
| БИТОЛА | 22 |
| МАКЕДОНСКИ БРОД | / |
| ВАЛАНДОВО | 4 |
| ВИНИЦА | 1 |
| ГЕВГЕЛИЈА | / |
| ГОСТИВАР | / |
| ДЕБАР | 2 |
| ДЕЛЧЕВО | / |
| ДЕМИР ХИСАР | / |
| КАВАДАРЦИ | 9 |
| КИЧЕВО | 5 |
| КОЧАНИ | / |
| КРАТОВО | 10 |
| КРИВА ПАЛАНКА | 1 |
| КРУШЕВО | 1 |
| КУМАНОВО | 28 |
| НЕГОТИНО | 7 |
| ОХРИД | 4 |
| ПРИЛЕП | 8 |
| ПРОБИШТИП | 2 |
| РАДОВИШ | 10 |
| РЕСЕН | 1 |
| СВЕТИ НИКОЛЕ | / |
| СТРУГА | 2 |
| СТРУМИЦА | 4 |
| ТЕТОВО | 11 |
| ВЕЛЕС | / |
| ШТИП | 9 |
| КАРПОШ -СКОПЈЕ | 6 |
| ЦЕНТАР- СКОПЈЕ | 10 |
| ГАЗИ БАБА- СКОПЈЕ | 6 |
| ЧАИР- СКОПЈЕ | 6 |
| КИСЕЛА ВОДА- СКОПЈЕ | 8 |

- <u>Број на донесени решенија за одобрување /одбивање на барањата</u>

Во периодот од 01.04.2012 година до 31.03.2013 година донесени се 196 решенија. Бројот на одобрените барања изнесува 68, а бројот на одбиените барања изнесува 126. За 2 поднесени барања запрена е постапката со заклучок, поради откажување на странката –подносителот на барањето од натамошно водење на постапката.

- <u>Правна работа за која е одобрена бесплатна правна помош</u>

Најголем дел од одобрените барања се однесуваат на решавање на имотно-правните прашања, потоа следуваат заштитата на деца и малолетници и заштитата на жртвите на семејно насилство, додека другите правни области како што се работните односи социјалното осигурување се помалку застапени.

***

| СТАТИСТИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Година | Поднесени барања | Донесени решенија | Одобрени барања | Одбиени барања | Запрени постапка |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| **2010/2011 год.** (Од 07.07.2010- до 24.03.2011) | 118 | 74 | 29 | 42 | 3 |
| **2011/2012 год.** (Од 25.03.2011- до 31.03.2012) | 154 | 172 | 64 | 91 | 17 |
| **2012/2013 год.** (Од 01.04.2012- до 31.03.2013 ) | 180 | 196 | 68 | 126 | 2 |
| Вкупно (2010/2011/2012 /2013) | 452 | 442 | 161 | 259 | 22 |

- **Даватели на бесплатна правна помош**

Во регистарот на овластени здруженија за давање на претходна правна помош запишани се нови 3 здруженија за давање на претходна правна помош:

- Здружение "МУЛТИКУЛТУРА" од Тетово;
- Здружение ЕХО едукативна-хуманитарна организација од Штип; и
- Здружение "Центар за развој и унапредување на јавниот живот"од Тетово.

Во Регистарот на адвокати за давање на правна помош запишани се нови *31* адвокат .

- **Обемот на средства исплатени како награда за дадена правна помош**

Од Буџетот на Министерството исплатени се вкупно 218.154,00 денари. на 13 адвокати и 4 овластени здруженија вклучени во постапката на давање на бесплатна правна помош.

На овластените здруженија за дадена претходна правна помош извршена е исплата на средства во износ од 5.800,00 денари, а исплатената награда на адвокатите за дадена правна помош изнесува 212.354,00 денари.

- **Обемот на вратени средства од наплатени трошоци во постапката за извршување**

Доверител односно должник за наплата на трошоците во постапка на извршување согласно Законот за извршување е Република Македонија, односно Министерството. Барањето за извршување го поднесува Министерството.

*Вакви случаи во досегашната примена на законот се уште не се појавиле.*

- **Денови на бесплатен правен совет**

Во периодот за кој се поднесува извештајот не се организираа денови на бесплатен правен совет.

***

| СТАТИСТИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Година | Запишани адвокати | Запишани здруженија | Исплатена награда на адвокати | Исплатен надомест на здруженија | Вкупно |
| 1. | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| **2010/2011 год.** (Од 07.07.2010- до 24.03.2011) | 202 | / | / | / | / |
| **2011/2012 год.** (Од 25.03.2011- до 31.03.2012) | 11 | 4 | 28.000.00 | / | 28.000.00 |
| **2012/2013 год.** (Од 01.04.2012- до 31.03.2013 ). | 31 | 3 | 212.354.00 | 5.800.00 | 218.154.00 |
| Вкупно (2010/2011/2012 /2013) | 244 | 7 | 240.354.00 | 5.800.00 | 246.154.00 |

***прикажаниот износ за надомест и награда во графите 4, 5 и 6 е искажан во денари**